GREEN.SMART.TRANSPORT.DEAL

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ ИЗВЕШТАИ ВО ПРОЕКТОТ GREEN.TRANSPORT.DEAL (GSTD)

*БАРБАРА СУРДИКОВСКА, ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНИ РАБОТИ, ПОЛСКА*

Co-funded by the European Union

Целта на истражувањето е да се разбере нивото на знаење и информираноста за Европскиот зелен договор и стратегијата за одржлива и паметна мобилност во земјата учесничка во проектот. Во нашиот фокус е транспортниот сектор. Со оглед на тоа дека прави околу 5% од БДП на ЕУ и вработувајќи повеќе од 10 милиони луѓе во Европа, транспортниот систем е од клучно значење за европските фирми и глобалните синџири за снабдување. Во исто време, транспортот му нанесува штета на општеството со производство на стакленички гасови и загадувачки честички, бучава, сообраќајни несреќи и метеж. Емисиите од транспортот сочинуваат приближно една четвртина од вкупните емисии на штетни гасови во ЕУ.

Потребно е да се усогласи прашањето за Зелениот договор со перспективата на правото на вработените на информирање и консултации и улогата на социјалниот дијалог во процесот на зазеленување на економијата (вклучувајќи го и транспортот). Ние сме особено заинтересирани за правото на информирање и консултации на наднационално ниво (преку Европските совети на вработените (EWC)).

Врз основа на извештаите од шест земји (Полска, Словачка, Хрватска, Шпанија, Северна Македонија, Италија), надворешниот експерт ќе подготви **збирен извештај**. Прашањата ќе се однесуваат на избраните теми (главни иницијативи, *flagships*) опишани во Стратегијата за одржлива и паметна мобилност. Изборот на иницијативи е таков што Ви овозможува да се занимавате само со тоа што се однесува на Вашата земја, а не на ЕУ како целина.

На самиот почеток, добро би било да се запознаете со стратегијата за одржлива и паметна мобилност. Воспоставување на правила за европскиот транспорт за иднината - https://transport.ec.europa.eu/transport-themes/mobility-strategy_en

Пакетот информации (и документи) за Европскиот зелен договор можете да ги најдете овде - https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/european-green-deal_en

Како што можете да видите во Стратегијата за одржлива и паметна мобилност, сите видови на транспорт треба да станат поодржливи, со широко достапни зелени алтернативи и правилни стимулации за спроведување на транзицијата. Конкретните пресвртници (*milestones*) ќе помогнат во развојот на европскиот транспортен систем кон паметна и одржлива иднина:

"Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them"

**До 2030:**

- минимум 30 милиони автомобили со нулта емисија на штетни гасови ќе возат по европските патишта;
- 100 европски градови ќе бидат климатски неутрални;
- брзиот железнички сообраќај во Европа ќе се удвои;
- планираните колективни патувања за патувања под 500 km треба да бидат јаглеродно неутрални;
- автоматизираната мобилност ќе се имплементира колку што е можно повеќе;
- поморските бродови со нулта емисија штетни гасови ќе бидат подготвени за пазарот.

**До 2035:**

- големите авиони (*џамбо џетови*) со нулта емисија на штетни гасови ќе бидат подготвени за пазарот.

**До 2050:**

- речиси сите автомобили, комбиња, автобуси и новите тешки возила ќе имаат нула емисија штетни гасови;
- товарниот железнички сообраќај ќе се удвои;
- целосно оперативна, мултимодална трансевропска транспортна мрежа (TEN-T) за одржлив и паметен транспорт со голема брзина на поврзување. **Во следните прашања ќе се фокусираме исклучиво на целите до 2030 година**

**10 клучни области за дејствување, за да стане визијата реалност.**

За да станат нашите цели реалност, стратегијата подразбира вкупно 82 иницијативи во 10 водечки области на дејствување („flagships“), заедно со конкретните мерки. **Одржлив**

За да може транспортот да стане одржлив, тоа подразбира во пракса:

"Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them"

1. Поголема употреба на **возила, пловни објекти и авиони со нулта емисија на штетни гасови**, обновливи извори и горива со ниска содржина на јаглерод и поврзана инфраструктура - на пример со инсталирање на три милиони јавни станици за напојување до 2030 година.
2. Отворање **аеродроми и пристаништа со нулта емисија штетни гасови** - на пример преку нови иницијативи за промовирање на одржливи горива за воздухопловство и поморство.
3. Да се направат **меѓуградски брзи железници и да се развие** дополнителна велосипедска инфраструктура во следните 10 години.
4. **Позеленување на товарниот сообраќај** – на пример со удвојување на товарниот железнички сообраќај до 2050 година.
5. **Одредување на цените на јаглеродот и подобри стимулации за корисниците** – на пример со спроведување на сеопфатен сет мерки за да се обезбедат коректни и ефикасни цени во целокупниот транспорт.

**Паметен**

Иновациите и дигитализацијата ќе го обликуваат начинот на кој патниците и стоките ќе се транспортираат во иднина доколку се создадат соодветни услови. Стратегијата предвидува:

1. Претворање на **поврзаната и автоматизирана мултимодална мобилност** во реалност – на пример така што ќе им се овозможи на патниците да купат билети за мултимодални патувања и непречено да ги менуваат начините на карго транспорт.
2. Поттикнување на **иновациите и употребата на податоци и вештачка интелигенција** (AI) за попаметна мобилност – на пример со целосна поддршка на распоредувањето на дронови и беспилотни летала, но и преку понатамошни активности за изградба на Заедничкиот европски простор за податоци за мобилност (*European Common Mobility Data Space*).

**Отпорен**

"Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them"

Товарниот транспорт е еден од секторите најтешко погодени од пандемијата со вирусот Ковид-19, а многу компании во секторот и понатаму се соочуваат со огромни оперативни и финансиски тешкотии. Затоа, комисијата се обврзува на следново:

1. **Зајакнување на единствениот пазар** – на пример со зајакнување на напорите и инвестициите за завршување на Трансевропската транспортна мрежа (TEN-T) до 2030 година, поддршка на побрзиот развој на секторот преку зголемување на инвестициите - на јавните и приватните - и модернизирање на сите превозни средства.
2. Направете ја **мобилноста праведна и достапна за сите** - на пример со тоа што новата мобилност ќе биде пристапна и достапна во сите региони и за сите патници, вклучително и оние со намалена мобилност, и на тој начин да го направите **целиот сектор попривлечен за работниците**.
3. **Зголемете ја безбедноста во сите видови на сообраќај** – вклучително и намалување на бројот на смртни случаи близу до нула до 2050 година.

**Водечките иницијативи на кои ќе го насочиме целото наше внимание се означени со горе со зелена боја.**

Долу ќе го најдете шаблонот на националниот извештај.

Извештајот треба да биде долг околу 6 страници. Ве молиме да не ставате дијаграми или графикони.

Доколку во некои области има студии на англиски јазик за специфични прашања во одредена земја (на пр. резултати од неодамна спроведени проекти итн.), Ве молиме да поставите линкови.

1. Накратко опишете го правото на информирање и консултирање на вработените и улогата на социјалниот дијалог (двопартитен и трипартитен) во транспортниот сектор во вашата земја (1 страница)

"Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them"

Во овој дел можете, на пример, да опишете дали постојат тела (и дали се постојани или ад хок) во кои претставниците на вработените и работодавачите разговараат/ преговараат за прашања кои се однесуваат на работните услови/ платите/ промените на животната средина во транспортната индустрија (со јавни овластувања или билатерално).

Ве молиме наведете дали и кои (индикативни) колективни договори постојат за вработените во сообраќајната индустрија. **2-3 страница**

2. Овде ќе се фокусираме на прашањето за возилата со ниски емисии на штетни гасови (вклучувајќи ги и автомобилите). Наведете го бројот на електрични автомобили во вашата земја и какви стимулации постојат за нивното купување? Опишете го развојот на инфраструктурата потребен за нивно напојување? Дали такви возила се произведуваат во Вашата земја? До кој степен/ дали развојот на транспортот со нулта емисија бил предмет на социјален дијалог? **1-2 страница**

3. Можете ли да наведете примери од областа на градското позеленување (имајте предвид дека сме фокусирани на транспортните прашања - на пример, развој на велосипедски патеки). На кои добри практики во оваа област - зелен транспорт во градовите - можете да посочите?

Дали барањето решенија за зелен градски транспорт е предмет на јавна дебата/ социјален дијалог во Вашата земја? **1-2 страница**

4. Кои процеси се одвиваат во областа на дигитализација на транспортот и примена на решенија со помош на вештачка интелигенција? Дали тие влијаат на условите за работа на вработените во транспортната индустрија/дали нивното воведување е предмет на социјален дијалог? Можете ли да посочите на добрите практики во оваа област? Со кои предизвици се соочуваат? **1-2 страница**

5. Ве молиме во овој дел да се фокусирате на вработените во транспортната индустрија и нивните работни услови. Дали има недостиг од одредени категории работници (на пример, возачи)? Дали прашањето за недостигот на работници е

"Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them"

предмет на јавна дебата и процес на социјален дијалог? Како условите за работа во транспортот може да се направат поатрактивни? **1-2 страница**

6. Во овој дел сакаме да добиеме поширока слика за тоа колку, според мислењето на авторот, темата Зелениот договор е присутна во јавната дебата во земјава? Кои се најчесто поставуваните прашања? Дали прашањето за зелениот транспорт поминува низ јавната дебата/медиумите? Каква прелиминарна проценка може да се направи за состојбата на свеста на јавноста за процесите (или специфичните цели) содржани во Зелениот договор и Стратегијата за одржлива и паметна мобилност? **1-2 страница**

"Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them"